


КАКО МОЖЕМЕ
ДА ЗНАЕМЕ ДЕКА
ИСУСОВОТО ВТОРО ДОАЃАЊЕ
Е БЛИЗУ?

# Знаците
## НА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ



Во програмата на една германска телевизиска станица физичарот **Стивен Хокинг**, претскажал застрашувачка слика за иднината. Имено, тој изјавил дека нашата планета може да ја стигне судбината на Венера. Според Бекман, професорот за кого сметаат дека е еден од најгенијалните во светот, буквално рекол: „Ако глобалното затоплување продолжи со ова темпо, Земјата наскоро ќе ја доживее судбината на Венера. Под океаните се кријат повеќе милиони пати јаглен диоксид од количините кои жителите на Земјата ги ослободиле во атмосферата во текот на минатиот век. Ако оваа количина гас, под дејство на понатамошното загревање, стигне во воздухот, сончевите зраци дополнително ќе ја загреат и ќе ја претворат во врела пареа. И тогаш Земјата ќе ја доживее судбината на Венера: воздухот може да се загрее на 250 степени, така што ќе почнат постојано да паѓаат кисели дождови“.



### *Дали човештвото навистина го очекува толку мрачна иднина? Што ни вели Библијата за крајот на светот?*

Исус во една од своите големи беседи, особено внимание му посветил на крајот на светот, така што однапред детално ги опишал настаните што ќе се случат. Уплашените ученици ги охрабрил со овие зборови: *„Да не се плаши вашето срце... Пак ќе дојдам и ќе ве земам вас кај Себе“* (Матеј 14,1.3). Исусовата последна порака била полна со надеж. Со неа им се обраќал на луѓето кои живееле во општества со големи проблеми и се исполнувале со страв од иднината. Исус рекол дека, ако постојат војни, глад и епидемии, ако се зголемат злосторствата и насилствата, воопшто да не се плашиме. Исусовата порака нѐ воздигнува над она што е видливо, над дневните вести, а нашето внимание го насочува кон настаните полни со надеж, со зборовите: *„Пак ќе дојдам“*. Не вели, можеби ќе дојдам, туку решително вели, повторно ќе дојдам.

Еднаш, додека стоел на гората покрај Ерусалим, Исус кажал дека камен на камен нема да остане во тој град. Гледајќи ги огромните камења, учениците мисделе дека тоа може да биде крајот на светот, бидејќи ниедна друга сила не би можела да ги урне тие големи градби. Затоа запрашале: Кажи ни кога ќе се случи тоа, кога ќе биде разурнат Ерусалим, кога ќе стигне римската војска и кои ќе бидат знаците на Твоето доаѓање и крајот на светот?“

Тогаш Исус, со мајсторски приказ ги отцртал знаците кои во смален обем ќе се исполнат во првиот век, кога Римјаните ќе го разурнат Ерусалим и затоа им рекол дека она што во мало ќе се случи во Ерусалим, истите тие знаци ќе се случуваат низ целиот свет во последното време. Сега, ќе ги проучиме знаците што ги дал Исус во поглед на скорешното второ доаѓање.

Може да го поставиме прашањето: Дали овие знаци биле присутни и во првиот век?

Биле. Исус рекол дека во мало ќе се остварат и во Ерусалим во почетокот на првите векови. Тогаш, во што се состои разликата? Како би можеле тие да бидат знаци на последното време? Ова значи дека ќе се појавуваат со сѐ поголема брзина и во универзални размери. Затоа и не зборуваме зошто овие знаци не биле присутни порано, туку дека сѐ почесто ќе се појавуваат кон крајот на времето.

Самиот факт дека ќе се случуваат со голема сила во животот на една генерација, особено го привлекува нашето внимание. Кои се тие знаци? Со што се претставени знаците на Исусовото доаѓање? Тој ги посочил за да можат учениците да ја препознаат близината на неговото доаѓање и крајот на светот.

## ПРВ ЗНАК:

### *Исус зборувал за лажните христоси и пророци* (Матеј 24,5.11.24)

Ќе се појават лажни христоси и лажни пророци. Исус рекол дека пред неговото доаѓање многу ќе порасне интересирањето за мистичните појави. И ние во подемот на Њу ејџ движењето може да го препознаеме исполнувањето на ова пророштво: тука се парапсихологијата, астрологијата и заинтересираноста за други слични појави. Во северноамериканските весници редовно се појавуваат по речиси три илјади статии за астрологијата. Тоа стана карактеристично и за Европа.



Експлозивно расте влијанието на окултните науки.

Во една статија во списание што било претходник на списанието **„Знаци на времето“**, **Ралф Лец** ги истражувал предвидувањата на астролозите. Прегледал 250 предвидувања и изјавил дека се исполниле само околу 3%, додека 97 % воопшто не се исполниле. За ваков вкупен процент на погодени предвидувања, воопшто не треба да бидете астролог.

Меѓутоа, очигледно е дека можеме да имаме многу поголема сигурност во Божјиот збор. Исус ни навестил дека ќе излезат лажни христоси и лажни пророци, лажни движења за медитација кои Бога ќе го бараат во себеси. Тоа значи дека овие знаци ќе му претходат на Христовото доаѓање.

## ВТОР ЗНАК:

### *Војни и гласови за војни* (Матеј 24, 6-7)

Да забележиме дека Исус не зборува само за една војна. Војни имало секогаш, во секое време. Исус не вели дека ќе се случи само една војна, туку дека нивното влијание ќе биде универзално, ќе бидат глобално раширени. Пророштвото зборува за меѓународни судири.



Сите знаеме, дека во минатиот век преживеавме две светски војни. Во првата настрадале 20 милиони луѓе, а во втората околу 50 милиони. Во минатиот век се случија војните во Кореја, во Виетнам, меѓу Ирак и Иран, во Босна и во Индокина, каде што умреа десетици илјади луѓе. Дваесеттиот век е најкрвавиот во историјата на човештвото. И 21 век почна со меѓународни судири и војни. Знаците се исполнуваат пред нашите очи. Ќе има окултистички и спиритистички појави, рекол Исус, и тоа навистина се исполнило. Војни, страв меѓу безбожниците поради очајот кога ќе ја слушнат бучавата на морињата и брановите. Сето тоа објавува дека крајот на светот и Второто Христово доаѓање се многу близу.

## ТРЕТ ЗНАК:

### *Можност за уништување на светот*

Исус ќе дојде кога на земјата ќе има опасност нејзините жители целосно да се уништат меѓусебе. Досега во човештвото не постоеле такви можности. Само во првиот век сме се доближиле до таква ситуација (спореди со Откровение 11,18).

**Исус ќе дојде. Зошто? Да ги уништи оние што ја уништуваат земјата.**

Исус ќе дојде кога човекот ќе има способност да ја уништи земјата. Ќе дојде кога човештвото ќе има доволно средства, знаење и техничка опременост за да ја уништи земјата. Денес, тие средства навистина ги поседуваме. Нуклеарното вооружување никогаш не било толку раширено како денес.

**Сер Чарлс Сноу** рекол: „*Според законот на големите броеви, сосема сигурно знаеме дека кога доволен број народи во доволна мера ќе произведат нуклеарно оружје, порано или подоцна некои од тие оружја случајно ќе експлодираат, било поради страв или од човечка глупост. Ова оружје не може бесконечно да се натрупува без да експлодира. Сè поголем број држави имаат ваков вид вооружување, и работат на неговото усовршување. Му благодарам на Бога што, иако ни се заканува нуклеарното оружје, неговото доаѓање е многу близу. Можеби ќе ме оспорувате, но уважете го мојот аргумент*“.



**Списанието Тајм** пишува дека во времето на Советскиот Сојуз, оружјето многу добро се чувало. По распадот на Советскиот Сојуз чувањето на оружјето ослабело, бидејќи немало доволно пари за таа намена, а чувството за одговорност сосема ослабело. Има докази дека дел од нуклеарното оружје исчезнало и преку кражби им било продадено на други држави, како Иран, на пример. Нуклеарните материи биле прокриумчарени во Германија и во балтичките земји. На насловната страница на едно американско списание можеме да го прочитаме следниот наслов: „*Кога ќе дојдат терористите до нуклеарно оружје?*“ Во јануари 1996 година било запишано: „*Ако преку швецериите, терористите ги добијат во раце овие материјали, ќе биде отстранета најголемата пречка за изработка на атомски бомби*“ (Popular Mechanics, јануари 1996).

„Стоиме пред толку ужасни судири, што не може ни да ги замислиме“ (Валтер Липман).

Добра вест е дека Христос е веќе на пат - дека Исусовото второ доаѓање им дава сигурна надеж на оние што веруваат во Него.

## ЧЕТВРТИ ЗНАК:

### Склопување на кревок мир

(1. Солуњаните 5,3)

Кога ќе речат „мир и безбедност“. Сигурноста значи дека ако постои мир во странство, ќе постои безбедност и дома. Народите склопуваат мир, но пред да се исуши мастилото на хартијата, на површина избиваат нови судири.

Во сè поголем број држави се разгоруваат етнички, политички и економски судири. Миротсе губи, а на негово место се вселуваат насилства и убиства, дури и на местата каде што луѓето порано живееле во мир. Доволно е да се помисли на Кенија и на другите африкански земји. Исус открил: „Кога ќе речат: мир и безбедност, тогаш ненадејно ќе падне погибел на нив, како болка на трудна жена, и не ќе ѝ избегаат“ (1. Солуњаните 3,5).

## ПЕТТИ ЗНАК:

### Глад (Матеј 24, 6.7)

Глад во светот. Вистина е дека поради тоа што имаме за јадење често заборавамe на гладните деца со надуени стомачиња. Според студијата на ОН од 1945 година, сме загадиле 1,72 милиони хектари плодна земја. Луѓето се многу загрижени поради тоа.



Да ги погледнеме африканските земји. Некои земји не се во можност да произведат доволно храна за исхрана на своето население. Еден истражувач рекол:**„Цел свет живее од час во час, да преживее од една жетва до друга“**. Околу 57 милиони луѓе годишно умираат од глад, а тоа се 156.000 луѓе дневно. Од шест милијарди светски жители, 60% се недохранети, а 20% гладуваат. Исус рекол дека ќе има глад. Тоа го рекол во множина. **Голем проблем е што со порастот на населението, се зголемува бројот на гладните во светот.** Според прогнозите, во 2050 година Земјата ќе има околу 9,5 милијарди жители, Сега нè има околу 6 милијарди, а се проценува дека во 2120 година ќе бидеме 12 милијарди. Исхраната на човештвото станува сè поголем предизвик. Според Библијата, ќе има глад и земјотреси.

Ако се свртиме околу нас, тоа навистина може да го забележиме. Исус повторно ќе дојде, да ги спаси малите деца што гладуваат.

## ШЕСТИ ЗНАК:

### Епидемии и болести (Матеј 24, 6.7)

Што се епидемии? Како може да ги дефинираме? Некои речници тој збор го преведуваат како „помор“, додека грчкиот збор во Библијата значи катастрофална болест. Овој дел во Библијата може да се преведе и на следниот начин: **„Ќе има катастрофални болести кои луѓето не ќе може да ги контролираат“.**

Во последно време, се среќаваме со многу непознати болести. Сида, маларија, колера, сифилис, разни вируси... често се појавуваат како епидемии. Значи, постојат болести што се надостапни за човечкото знаење. Ако, пак, се откријат лекови за овие болести, одеднаш патогените предизвикувачи на овие болести стануваат отпорни на нив. На тој начин знаците се исполнуваат. Стана збор за лажните пророци и видовме дека постојат, стана збор за војните и видовме дека и тие постојат.



**Исус нè предупредил дека човекот ќе биде способен да се уништи самиот себеси, а гледаме дека и тоа се исполнува.**

Да проговориме и за кревките преговори за мир, да ги објасниме мировните потфати и да видиме дали навистина постојат. Зборувавме за гладта, и гледаме дека се исполнуваат знаците, за болестите и епидемиите гледаме дека и тоа се исполнува. Според податоците на Светската здравствена организација бројот на луѓе што го носат вирусот на сида е 33,4 милиони во 2008 година. Секоја година има околу 2,7 милиони новозаразени.

## СЕДМИ ЗНАК:

### Загадување на животната средина

„*Земјата ќе остарее како облека*“ (Исаија 51,6)

Што се случува со облеката кога ќе се излити? Таа се кине, избледува, ја губи современоста и свежината. Ја изгубила ли земјата својата свежина? Каква е состојбата со човековата исхрана? Дали е ослободена од разни патогености? Библијата вели дека Христос ќе ги уништи оние што ја уништуваат земјата. Еден начин на уништување е со атомско оружје, а друг начин е со индустрискиот отпад. Во Рио де Жанеиро е одржана конференција со наслов: „*Да ја сочуваме Земјата!*“



За спасението Исус рекол: „*Да не се плаши вашето срце, и кога ќе биде загаден воздухот, повторно ќе дојдам, кога храната ќе биде загадена, повторно ќе дојдам*“.

Во големите градови на билбордите може да прочитаме предупредувања во текот на денот луѓето да не трчаат и вежбаат, бидејќи постои опасност за здравјето поради смогот. Ни случајно да не вдишуваат длабоко. Поради смогот, на некои раскрсници во Токио полицајците мора со гас-маски да го регулираат сообраќајот. Некои научници отворено зборуваат за тоа дека животот на Земјата ќе престане ако го продолжиме животот со ова темпо.

Еден од најголемите загадувачи е нуклеарниот отпад. Каде го закопуваат? Оваа статија го носи следниот наслов: **„Нуклеарниот отпад како фатална можност“.**

Една карта на САД: зелениот круг ги означува местата на кои е закопан нуклеарен отпад. Велат дека отпадот се наоѓа во сигурни ковчези од олово, но што ќе се случи ако ги оштети некој земјотрес? Исус рекол дека ќе дојде време кога Земјата ќе се најде во голема опасност. Знаците ни укажуваат дека живееме во последното време. Значи, Исусовото доаѓање ќе се случи многу скоро.



## ОСМИ ЗНАК:

**Земјотреси** (Матеј 24,7)

Ќе има земјотреси. Некој ќе рече дека отсекогаш имало земјотреси, според тоа, како би можеле да го сметаме тоа за знак? Во геолошкиот институт во Вашингтон ја истражувале зачестеноста на земјотресите. Годишно во светот се случуваат околу 6000 земјотреси. Во последните 90 години 1,5 милион луѓе ги загубиле своите животи поради земјотресите. Бројот на земјотреси расте и тие се сè позачестени.

Исус вели, во евангелието според Матеј, дека ќе има земјотреси. Да се потсетиме на земјотресот што се случи во Хаити. Библијата ни вели дека ќе има земјотреси не само на Хаити, туку и во Јапонија, во Европа, во Индија и низ целиот свет. Толку раширените земјотреси покажуваат дека Земјиниот животен пат е на својот крај. Застрашувачки и чудни работи се случуваат, а тоа се земјотресите и пожарите.

## ДЕВЕТТИ ЗНАК:

**Целосно ќе се наруши редот во природата**
(Лука 21,11-25)

Библијата ни вели дека пред Исусовото доаѓање невообичаени појави ќе се случуваат при развојот на метеоролошките услови. Да ги набљудуваме: земјотреси, епидемии, глад...
Какви сè уште катастрофи ќе се случат на земјава? Циклони, урагани, ветришта што предизвикуваат страв и загриженост кај луѓето. Секој што преживеал налет на торнадо сигурно знае за колку разорен ветер станува збор. Според една статија во списанието Тајм од 1993 година: „Торнада и ветрови ќе ги уништат САД, а во 1993 год. се регистрирани 1297 торнада“.

Оваа стара земја воздивнува за својата слобода. Ние сме на границата на Христовото доаѓање. Вулканските ерупции предизвикуваат сè поголем страв; тие со сила на милиони атомски бомби избиваат на површината и ги топат карпите.

Меѓутоа, Исус ни вели: *Да не се плаши вашето срце, верувајте во Бога и во Мене верувајте. Кога ќе ги видите сите тие околности, не плашете се, бидејќи знаците кажуваат дека не е далеку вашето ослободување.* Природните катастрофи и поплавите, веќе ги чувствуваме на своја кожа, се случуваат сè поблиску до нас. Нашава земја веќе не е сигурна. Сè почестите природни катастрофи ни зборуваат дека нашиот дом веќе не е на сигурно; поплавите, земјотресите и ветриштата секој час може да го однесат. Нашата единствена сигурност е Исус Христос, Создателот на мирот, кој единствено може да ни овозможи засолниште во неволјите. Тој кој го стивнал морето, може да го смири и нашето срце. Кога зборувал Исус за иднината, укажувал на времето на своето второ доаѓање.

## ДЕСЕТТИ ЗНАК:

**Морална расипаност** (Матеј 24,37)



Исус рекол дека пред Неговото доаѓање ќе има толку голема морална расипаност во општеството, како што било во времето на Ное. Тогаш земјата била уништена со вода, а вториот пат ќе биде уништена со оган. **Какви биле луѓето во времето на Ное?** (1. Мојсеева 6,6)

Се намножило насилството и човечките гревови. Затоа имало потоп. Кога ги измерил народите, а нивните гревови ја поминале границата, Бог ги уништил (според со Матеј 24,37-39). Што значи да се жениш и да се мажиш? Тоа значи дека постоел проблем со бракот. Овој израз се однесува на опуштеноста на брачните врски. Некој рекол дека бракот е како ремен, кога ќе се скине, човекот си става друг. Статистиките покажуваат поразителни бројки. Жените и мажите во денешно време имаат многу тешка задача. Бројот на разводи покажува дека браковите сè почесто се распаѓаат.



Според статистиката од 1900 година, на секои 12 склучени бракови еден завршувал со развод, додека во 2000 година на секој склучен брак се случува и еден развод. Значи, Исус рекол дека луѓето ќе се женат и мажат. Бременоста на малолетничките е сè почеста појава. Забременуваат надвор од бракот. На телевизијата неморалот е видлив на секој чекор. Библијата во 1. Мојсеева 6,6 ја карактеризира ваквата состојба.

Исус ни вели: Доста веќе неморал, вонбрачни врски, доста веќе обесветување на чистиот и свет дар. Нивните срца се грешни. Во списанието Тајм, од 3 јули 1995 год. можеме да ја прочитаме статијата во која се зборува за една компјутерска база на податоци. Во ова истражување во текот на 18 месеци се појавиле 917410 слики, делови од филмови или приказни со сексуални содржини на интернет.

Исусе, нашите срца се оддалечиле од Тебе, нашата природа станала грешна, те молиме промени го нашето срце, заврши ја историјата на гревот и оддалечи го од нас!

## ЕДИНАЕСЕТТИ ЗНАК:

**Пораст на криминалот и насилството**

Кога зборува за деновите на Ное, Библијата ни вели (1. Мојсеева 6,11) дека земјата била расипана и исполнета со насилство. И во денешно време таа е преполна со насилство. Во Њусвик во една статија има ваков наслов: „Деца што убиваат“. На спортските настани за деца во американските училишта пишува: *„Деца, своите пиштоли и друго оружје предајте ги во канцеларијата на директорот“.*



Она што децата порано го решавале со тупаници, денес го решаваат со оружје.

**Во текот на 100 часа повеќе млади луѓе ќе го изгубат својот живот од меѓусебно пукање, отколку што загинале на бојното поле во Ирак.**

Нашите градови се претвораат во бојно поле. Во САД и во Канада годишно се извршуваат над 33 милиони насилни дела. Злосторствата експлозивно се шират. Читаме дека бројот на злосторства се смалува, но тоа не се однесува на насилните злосторства. Споредено со бројки, тие постојано растат. Во Америка 6250 професори се претепани од своите ученици. Двесте илјади ученици годишно изостануваат од училиште поради повредите задобиени во разни тепачки. Што ни вели Библијата? Земјата ќе се исполни со насилство. Тоа важи за целиот свет. Ако погледнеме околу себе и во својата околина, ќе видиме само изопаченост и насилство. Библиските пророштва во целост се исполнуваат. **Насилството се умножува, а љубовта кај многумина заладува** (според со Матеј 24,12). Злото се намножува и сè повеќе го зафаќа светот.

## ДВАНАЕСЕТТИ ЗНАК:

**Пораст на неверството**

Како во деновите пред потопот, неверството расте. Читавме дека луѓето пред Ное не забележале ништо додека не дошол потопот (според со Матеј 24,39). Ное на сите им проповедал дека ќе дојде крајот, но намерно не сакале да го слушаат. Ги затвориле ушите за предупредувањата. Биле неверни.

**Во последното време ќе се јават подигрувачи** *(2. Петрово 3,3.4). Подигрувачите тврдат дека отсекогаш се случувале војни, имало глад... така што не го забележуваат зачестеното повторување на знаците. Не гледаат дека знаците се умножуваат. Не гледаат дека овие настани ги претставуваат знаците. Иако самите не се свесни за тоа, не забележуваат дека и тие ги исполнуваат знаците. Како во деновите на Ное, и денес мнозина велат: не верувај во такви глупости, не верувај дека Исус ќе дојде наскоро! Меѓутоа, сигурно постои подобро решение за проблемите на светот. Имате ли вие такво решение? Најдоброто решение што го знам е блажената надеж дека Исус ќе се врати наскоро.*

## ТРИНАЕСЕТТИ ЗНАК:

**Састољубие** (2. Тимотеј 3,4)

Библијата вели дека луѓето ќе станат сластољубиви, наместо богољубиви. Спортските ста-

диони, обложувалниците, ноќните клубови и продавниците за алкохол се преполни. Што сакаат луѓето. Повеќе сакаат задоволства и забави, отколку што го сакаат Бога. Библијата вели дека луѓето почесто ги посетуваат местата за забава отколку Божјиот дом. 28% од алкохоличарите се деца под 18 години. Во последните 10 години користењето на дрогите меѓу малолетниците се зголемило за четири пати. Зошто? Кога се живее празен живот, потребно му е нешто што ќе го исполни. Средствата за масовни комуникации исто така ги зголемуваат задоволствата. Луѓето повеќе сакаат забава, отколку што го сакаат Бога. Гледаме дека знаците се исполнуваат пред нашите очи. Бог вели: подигни ги своите очи затоа што наскоро доаѓам!



## ЧЕТРНАЕСЕТТИ ЗНАК:

### *Економска несигурност*



Исус рекол дека пред Неговото доаѓање ќе се покажуваат знаци и на економско подрачје (спореди со Јаков 5,1-5).

Ќе постојат големи знаци меѓу оние што имаат и оние што немаат. Ќе има голема економска криза. Да ги погледнеме само јавните финансии. Буџетските дефицити се постојани. Јапонија беше држава чија економија беше стабилна, но денес се соочува со сериозни проблеми. Јавните финансии на САД пораснале од 2,7 илјади милијарди долари во 1989 година, на 13 илјади милијарди во 2010 година. И Германија се соочува со сериозни економски проблеми. Економијата во целиот свет е нестабилна. Берзата постојано се менува. Што е стабилно и доверливо во денешно време? Единствено во Исуса Христа можеме да имаме сигурна доверба. Знаците кои однапред ги претскажал се исполнуваат и велат: „Близу сум!“

## ПЕТНАЕСЕТТИ ЗНАК:

### *Евангелието ќе се проповеда по целиот свет* (Матеј 24,14)

Овој знак ќе биде последен. Последниот знак пред доаѓањето на Христос ќе биде ширењето на евангелието по целиот свет (спореди со Откровение 14,6). Тоа ќе биде движење кое ќе се шири низ целиот свет. Бог не сака луѓето да останат неупатени. Ги уривал сите ѕидови што му се испречувале. Каде е денес бившиот Советски Сојуз? Кој помислувал дека ќе му се случи ваков крај. Нема веќе отпор, секој може слободно да чита и да ја следи својата религија. Кина ги отвори вратите пред религијата.



Последниот знак за кој зборува Исус ќе биде појавата на Неговото второ доаѓање: ***„Тогаш ќе се јави на небото знакот на Синот Човечки и ќе заплачат сите земни племиња, и ќе го видат Синот Човечки како доаѓа на небесните облаци, со сила и голема слава“*** (Матеј 24,30).

Исус нема да чека земјата да биде уништена. Тој нема да го одложи своето доаѓање, додека атомските бомби и другото вооружување не ги уништат последните знаци на живот. Ќе се врати во вистинско време за да ги спаси оние што Нему му припаѓаат и да го воспостави новиот свет!






серија *„Тргите водат кон Бог“* Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Јазична редакција: **Томислав Треневски**
Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“** П. фах 215, 1000 Скопје
Печати: **Аркус дизајн** | За дополнителни информации пишете ни на **tragite@yahoo.com** или јавете се на **071 / 569 076**
**www.adventisti.org.mk www.znacinavremeto.mk**